Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија

тел. 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk
тел.02/2785-462
coveckiresursi@kiselavoda.gov.mk

Бр.04 -5358/9
од 21 -06- 2022 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 11 и член 52 став 1 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, бр.199/14, бр.48/15, бр.154/15, бр.5/16, бр.142/16 и бр.11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр.275/19 ,бр.14/20, бр.215/21 и бр.99/22), Секретарот на Општина Кисела Вода, донесе

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат за унапредување на административен службеник по Интерен оглас 03/2022

1.За извршител на работно место **Раководител на Одделение за координација на активностите на Градоначалникот во Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината**, со шифра на работно место **УПР0101Б04000**, се избира кандидатот **Диана Димитровска.**

2.Именуваниот кандидат ќе биде унапреден на работното место од Точка 1, по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение за унапредување на административен службеник.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение бр.04-5358/7 од 17.06.2022 година и Решение за измена на Решение за формирањена комисија за селекција и унапредување бр.04-5358/7 од 17.06.2022 година, со арх.бр.04-5358/8, а во врска со Интерен оглас бр.03/2022 за работното место Раководител на Одделение за координација на активностите на Градоначалникот во Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината изготви Записник од административната селекција бр.04-5358/7 од 21.06.2022 година и Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен заради спроведување на интервју службеник бр.04-5358/8 од 21.06.2022 година. Согласно Записник од административната селекција бр.04-5358/7 на огласот единствен пријавен кандидат е Диана Димитровска. Согласно Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен

службеник заради спроведување на интервју бр.04-5358/7 Комисијата изготви финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог Одлука за избор на прво рангираниот кандидат. Врз основа на приложената документација, а согласно член 52 став 1 од Закон за административни службеници се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА:Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката на веб страната на институцијата.

**Изработил**
раководител на Одделение
Милена Ѓоргиевска
**Контролирал/Одобрил**
Пом.раководител ан Сектор
Цветанка Тодоровска

**СЕКРЕТАР**
**на Општина Кисела Вода**
**м-р Мирко Ивановски**

---------------------------

Доставено до:

- Именуваниот
- Интернет страната на Општина Кисела Вода
- Сектор за управување со човечки ресурси и ИТ
- архива